ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-
Бр. 02-21/3
20.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Претседателството на ФПСМ согласно член 51 од Статутот на ФПСМ бр. 01-90/5 од 19.10.2024 година, а по предлог на Комисијата за високогорство и експедиционизам за дополнување на критериумите за верификација на високогорски успех, на седницата одржана на ден 20.02.2025 година ги усвои следните

# КРИТЕРИУМИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ВИСОКОГОРСКИ УСПЕХ

- За верификација на постигнат високогорски успех, високогорецот потребно е да достави:

1. Јасни фотографии на кои се гледа високогорецот на искачен врв или највисока достигната точка, со препознатливи референтни точки за искаченото место, и истите треба да бидат во оригинална дигитална форма **со сочувани неизменети EXIF податоци;**
2. Видео запис од експедицијата – искачувањето;
3. ГПС запис од експедицијата – искачувањето по можност во gpx формат;
4. Експедициски дневник со фотографии;
5. Успешно искачување на врв ќе се смета искачувањето од почетната точка до врвот и спуштањето до почетната точка на тргнување.

- Доколку од било која причина високогорецот не располага со горенаведените документи, тогаш за верификација на постигнат високогорски успех потребно е да се достави.

1. Писмена изјава од сведоци за искачувањето, кои се достапни за комисијата со телефонски број и емаил адреса.
2. сертификат за искачувањето.

- Наведениот материјал треба да се достави во рок од 3 месеци од искачувањето.

- Комисијата го задржува правото доставениот материјал да го користи како помошно средство за организирање на други експедиции

ФПСМ
Претседател
Зоран Читкушев